Стефан Гоговски

# Стенли Самуел Харакас: почетоците на православната биоетика

## 1. Структурирањето на православната биоетика во научен контекст

Биоетиката како нова гранка во научната сфера ги забележува своите почетоци во текот на шеесетите и седумдесетите години, првенствено во Обединетите Американски Држави. Како новитет произлезен од етиката, во своите почетоци се занимавала пред сè со елаборирање и појаснување на моралните вредности врежани во медицината, односно трудот го вперила кон дефинирање на медицинската услуга и цел, воедно занимавајќи се со изложување на моралните аргументи на секуларната политика со кои се оправдуваат одредени интервенции во медицината[1]. На прв поглед, се забележува дека станува збор за медицинска етика. Имајќи го секуларното мислење како појдовна точка, во почетоците биоетиката го пронаоѓа своето место во пост-модернизмот, кој, на доста присилно либерален начин, нуди едно количество на морални погледи и таканаречени вредности на општеството и денес, првенствено на оние плуралистичко секуларизирани држави од Западот, а потоа и на останатите држави од светот. Православната биоетика, од друга страна, иако од секогаш Црквата учи за прашања кои денес се дефинираат како биоетички, како што се родовите теми, абортусот, и сл., за прв пат се раѓа во научен формат како неразделлива мисла од Енциклопедијата за Биоетика во 1978 година, објавена во САД од страна на Warren Reich, под наслов „*Encyclopedia of Bioethics*“, добро структурирана во четири моќни тома од голем формат, распределувајќи ја содржината на повеќе од илјада и деветстотини страници, која наскоро станува задолжителна референтна точка во областа на биоетиката[2].

Првите научни чекори преземени од православен теолог на ова поле, се придаваат на отец Стенли Самуел Харакас (Stanley Samuel Harakas)[3], кој, повикан од страна на

[1] H. T. Engelhardt Jr., *Bioethics and secular humanism. The search of a common morality*, London 1991, 10.

[2] S. Spinsanti, *Bioetica e grandi religioni*, Milano 1987, 5.

[3] За повеќе информации види: S. S. Harakas, “Christian ethics in ecumenical perspective. An Orthodox Christian view“, in *Journal of Ecumenical Studies* 15 (4/1978) 631-646, овде 631, n.1.: «Stanley S. Harakas (Greek Orthodox) is the Dean of the Holy Cross Theological School, past Dean of Hellenic College, and Professor at both. He has also taught at St. Vladimir’s Theological Seminary, Boston University School of Theology, and Boston College. He holds a B.A. and B.D. from Holy Cross, a Th.D. (1965) from Boston University, and is a candidate for Doctor of Orthodox Theology from the University of Thessalonica, where his dissertation topic is “The Ethical Presuppositions of the Canon Law of the Orthodox Church.” Ordained in 1956, he has long been involved in ecumenical activity, including bilateral dialogue consultations with Reformed, Jewish, Lutheran/Reformed, and Baptist Bodies».

составувачите на Енциклопедијата за Биоетика го прифаќа предизвикот да придонесе со своја статија од православен аспект за новосоздадената научна гранка, статија која сама по себе, на теолошко научно ниво, е новитет и за Православието. Под статијата насловена *Eastern Orthodox Christianity*[4], православната биоетика го започнува својот научен пат.

Една од карактеристиките на прирачникот на Warren Reich е дека биоетиката како научно поле е многу повеќе од медицинска етика, односно се разликува од медицинската етика по тоа што опфаќа поинклузивно поле на проблеми родени од еден нов морален сензибилитет. Тоа значи дека придавката «медицинска» како еден вид квалификатор за етика, е сама по себе рестриктивна во своите погледи[5]. Сето ова јасно ги разликува двете движења во однос на ова ново научно поле. Во појасна смисла, Енциклопедијата за Биоетика им дава значителен простор на верските заедници во конституирањето на биетиката како наука, ценејќи го значително нивниот теолошки придонес[6]. На овој начин, Харакас отворајќи нов пат во православната теологија, свесен за одговорноста пред себе, во своите први чекори се посветува значително кон придонесот на ова поле. Од значителна важност е фактот што во историјата на академската култура за прв пат се појавува енциклопедија пред полето на знаење да е дефинирано и признато насекаде. Свеста на Харакас во овој поглед е извонредна, бидејќи рестриктивноста на малиот број записи од православен карактер додека пионерот на православната биоетика ги правел првите чекори засновани на христијанско етичкиот фундамент, не го запреле да се посвети темелно кон отварање на патот на православната биоетичка мисла.

## 2. Накратко за о. Стенли Харакас

Историски првиот православен биоетичар[7], отец Стенли С. Харакас, е јереј на Православната Црква на Америка (The Orthodox Church in America). Роден од страна на благочестиви христијани Sam и Kathrine од грчко потекло во 1932 година во Pittsburgh – Pennsylvania, својот духовно образовен пат најпрвин го започнува во кампусот на Holy Cross of Boston – Hellenic College[8], а по завршување на средното Богословско училиште и Богословскиот Факултет, продолжува запишувајќи се на University of Boston на студии од втор и трет циклус по социјална етика, докторирајќи на тема „*The Natural Law Teaching in the Ante-Nicene Fathers and in Modern Greek Orthodox Theology*“ во 1965та година. По завршувањето на своите студии, во 1966та година, ја започнува својата просветителска дејност во областа на христијанската етика, предавајќи на Holy Cross of Boston сè до

---

[4] S. S. Harakas, “Eastern Orthodox Christianity”, in *Encyclopedia of Bioethics*, I, Warren Thomas Reich (ed.), New York 1978, 347-356.

[5] S. Spinsanti, *Bioetica e grandi religioni*, Milano 1987, 5.

[6] Ibid., 7.

[7] B. Petrà, “I fondamenti antropo-teologici della bioetica. La prospettiva ortodossa“, in *Studia Moralia* 54 (2/2016) 293-320, овде 297.

[8] Повеќе за Holy Cross of Boston на следниов линк: https://www.hchc.edu/ (addressed 20 August 2019)

пензионирањето во 1999та година како и во Богословското Средно Училиште St. Vladimir's во New York. За период од скоро четириесет години просветна дејност, придонесува на научен план во својата област со петнаесет книги и сто и триесет публикувани научни статии[9], податок кој позитивно говори за неговата посветеност во работата. Долж текот на својата педагошка активност, од 1969та до 1975та назначен е за декан на Holy Cross, а од 1970та до 1980та година е поставен за ректор на Hellenic College. Неговата неуморност во научната дејност се забележува и по тоа што постанува член на повеќе организации како: The Society of Christian Ethics, Orthodox Theological Society of America, The North-American Academy of Patristics, American Academy of Religion, The World Council of Churches итн.

Всушност, она што ја одразува неговата лична мисија како теолог, етичар, професор и свештеник, се делата од интердисциплинарен карактер во полето на христијанската етика. Харакас преку своите книги им се приближи не само на академскиот свет, туку најмногу на верните луѓе на тој начин што во своите дела јазикот е поедноставен, но богат со пасторален, аналитичко-наративен и академско-мисиолошки крој. Она што е постојано во неговите дела е потенцирањето дека човештвото има потреба од очовечување, хуманизирање, остварување, реализација во онтолошка смисла преку воцрковувањето. Разбранетата општествена свест во очите на Харакас е последица од дехуманизацијата на новото време, кое со себе носи други вредности, различни од патријархално-христијанските. Истите тие се негативни, разорувачки, штетни за човекот бидејќи се базираат на егоизам, нарцисоидност, индивидуализам итн. Всушност, шеесетите години во САД се едни од најалармантните години во поглед на разбранување на патријархалните вредности врз кои се темели функционирањето на тогашното семејство. Како еден од повеќето примери е раѓањето на сексуалната револуција, која ги поместува од корен сите дотогашни гледишта за тоа како треба да изгледа едно општество. Контра-културата кај младите генерации, настаната како резултат на отпор кон власта на тогашниот претседател на САД, Dwight D. Eisenhower и претседателот по него J. F. Kennedy, револуција вгнездена во шеесетите години, а со крај на истата во средината на седумдесетите години[10], роди бунт и раздор помеѓу општествените слоеви на Америка. Woodstock 1969та година – врвот на контра-културата, како и раѓањето на Hippie движењето се само еден дел од една плејада на промени кои јасно дадоа до знаење дека светот се менува[11]. Покрај промената најмногу почувствувана кај младите, со развојот на

---

[9] Насловите на неговите дела се: *Toward transfigured life*; *The theoria of Eastern Orthodox ethics*; *Living the faith: The praxis of Eastern Orthodox ethics*; *Health and medicine in the Eastern Orthodox tradition*; *Let mercy abound: Social concern in the Greek Orthodox Church*; *Contemporary moral issues facing the Orthodox Christian*; *Of life and salvation*; *Wholeness of faith and life: Eastern Orthodox Ethics* (3 Vol.); *Orthodox Christian believes. Real answers to real questions from real people*; *Exploring Orthodox Christianity*; *Orthodox Christian believes about the Bible*. За повеќе информации види s.a., "A selected bibliography of works by Stanley Samuel Harakas", in *The Annual of The Society of Christian Ethics* 18 (1998) 43-50.

[10] Сп. R. L. Hilliard, *Media, education, and America's counter-culture revolution. Lost and found opportunities for media impact on education, gender, race and the arts*, London 2001, 79-83.

[11] J. E. Perone, *Music of the counter-culture era*, London 2004, 183.

науката и техниката, целиот начин на живот, општествено функционирање, како и смислата за постоењето на човекот во светот добиваат еден нов светоглед, правец и убедување[12]. Со развојот на техниката, се појавува поделба на масата во класи, создавајќи плодна почва за збогатување на високата класа, односно суштинско разобличување на личноста, општеството итн[13]. Следствено на ова, настанува еманципација на ниската класа од високата, на сиромашниот од богатиот: првиот дефиниран како злоупотребен, вториот пак, како тој што злоупотребува. Сето ова остави длабоки последици во општеството, кое се чини немоќно само да се избори против аномалиите на новото време. Во овој контекст, во книгата *Contemporary Moral Issues Facing the Orthodox Christian* на Харакас, авторот зборува за социјалните прашања, потенцирајќи дека повеќе не постои единство во општествена смисла, бидејќи општествената свест повеќе не соодветствува со општественоста, односно е отфрлена од бранот на модерноста[14].

Покрај обработка на социјално етичките теми преку своите дела, кај Харакас се забележува една загриженост која дотогаш не е забележана кај друг православен автор, односно станува збор за обработка на прашања од биоетички карактер, прашања за кои пред Харакас, во научен формат, не суштествувале во теолошката литература. Па така, во книгата *455 Questions and Answers*, авторот одговара на прашања адресирани до него од страна на верни чеда на Православната Црква, како и на лаици, припадници на други верски заедници и организации, во периодот од 1977ма до 1987ма година. Всушност книгата е збир на одговори кои Харакас ги пишувал за весникот *The Hellenic Chronicle*, под секцијата "The Religious Question Box", секција која излегувала во печат седмично. Со својата посветеност кон науката, тој успеа да ги систематизира своите мислења во дела од големо значење[15].

Православната Црква учи и го смета животот како дар Божји, што значи дека за православната биоетика, крајниот критериум на животот е Бог, и животниот принцип е врската со Бога преку послушанието и почитувањето на Неговата волја, со оглед на тоа што човечкото битие е создадено според Образот и Подобието Божјо, создаден од небитие во битие[16]. Тоа значи дека коренот на православната биоетичка мисла е зачувувањето на животот како еден, свет и скапоцен дар од Бога, подарен под рака со слободата и

[12] Сп. N. Berdjaev, *L'uomo e la tecnica*, Rapallo 2005, 27-31.

[13] Сп. N. Berdjaev, *Il Destino dell'uomo nel mondo contemporaneo*, Milano 1947, 68.

[14] Сп. S. S. Harakas, *Contemporary moral issues facing the Orthodox Christian*, Minneapolis 2015, 100-150.

[15] Сп. B. Petrà, *L'Etica Ortodossa. Storia, fonti, identità*, Cittadella Editrice, Assisi 2010, 225, каде што вели: „Тој беше предводен од два основни фактори. Првиот се состои од своите грчки православни корени; грчкото православие всушност, му понуди силно присуство на една етичко-рационална традиција, преку Ch. Androutsos, B. Antoniadis е P. Dimitropoulos. Вториот фактор е уште попресуден откако Харакас, по етичко академската формација со PhD на Универзитетот во Бостон, учествуваше – како единствен православен – во првите елаборирања на биоетичкото знаење во САД, до тој степен што му ја дадоа честа да го пренесе гласот на православието во првото издание на познатата Енциклопедија за Биоетика објавена од Ворен Рајх во 1978 година".

[16] S. N. Bute, *La bioetica ortodossa e l'accertamento della morte in vista dei trapianti d'organo*, Roma 2015, 151-152.

достоинството, зачувување во смисла живеење христијански преку светотаинскиот пристап и духовноста како водителка, којашто овозможува отелотворување, односно реализирање на Образот и Подобието Божјо кај човекот, или подобро речено христијанинот.

По Стенли Харакас, особено во дваесетиот век, развојот на православната биоетика паѓа во рацете на еминентни теолози кои пред сѐ се занимаваат со христијанска етика како што се Џон Брек (John Breck), Митрополитот Калист Вер (Kallistos Ware), Христос Јанарас (Christos Yannaras), Џорџ Мантзаридис (George Mantzarídes) и други, кои оставаат зад себе важни дела од (био)етички карактер, стабилизирајќи ја православната биоетика како не толку индикативна во поглед како треба/не треба да се постапи, колку прескритивна за тоа што треба/не треба да биде[17]. Изворот на биоетичката мисла е вкоренет во христијанското учење на Црквата, од самите почетоци на Првата Црква и нејзиниот развој низ вековите, односно преку Вселенските Собори и Отците, до денес, преку теологијата како јасно дефинирана и препозната наука, која се фокусира темелно за сето она што го опфаќа Бог и Божјото еклезијастичко уредување на Неговата Црква, христијанскиот живот, душевната и телесната состојба на човечкото создание, развојот на човечката личност преку моралните параметри, како и дефиниции, односно појаснувања за сето она што го засега денешниот човек, од почетокот до завршетокот на телесниот живот како таков[18]. Тоа значи дека православната биоетика како дел од теологијата е повикана да презентира јасна студија за особено сложните и сензибилни прашања со кои се соочува денешното општество, посебно за оние прашања поврзани со медицината, односно поврзани со дејанието на човекот во медицински контекст[19].

3. Морални (био)етички принципи

По сето досега забележано, акцентот за момент е ставен на моралните принципи, кои сами по себе се од витално значење за да се добие една јасна идеја за сето она зад кое што стои, учи и го претставува православната биоетика како нераздвоен дел од христијанската православна етика. Добро е да се забележи дека терминот биоетика е составен од два елементи, односно од *βίος* – живот, и *ἔθος* – *ethos*, однесување, карактер и сл., терминологија со која укажува дека се занимава со етичкото морално дејствие на секоја индивидуа, група или заедница, поврзано со животот на човекот во целина[20]. Како таква, биоетиката се фокусира на анализирање на секоја фаза од човековиот живот преку доктриналната призма на Црквата и нејзините морални аргументи, духовно обработувајќи ја секоја една тема што го има за почеток и крај човекот и неговата реализација во

[17] Сп. John & Lyn Breck, *Stages of life's way*. *Orthodox thinking on bioethics*, St. Vladimir's Seminary Press, New York 2005, 11-13.

[18] Сп. S. S. Harakas, "Response", in *The Annual of the Society of Christian Ethics*, 18 (1/1998) 35-42, овде 40.

[19] John & Lyn Breck, *Stages of life's way*. *Orthodox thinking on bioethics*, 14.

[20] H. T. Engelhardt Jr., *The Foundations of Bioethics*, New York, 32.

онтолошка смисла. Поточно кажано, таа се занимава со морални прашања од моментот на зачетокот на еден нов живот, по природен или вештачко експериментален пат со помош на медицинска интервенција (контрола на плодноста, интервенции на вештачко оплодување како In Vitro/Fivet и сл.), за време на животот (човечкото однесување при растот и адолесцентниот период, користењето на контрацептивни методи, односно сексуалното однесување во и надвор од бракот, зависноста од психотропни супстанци, трансплантација на органи, gender прашања, и сл.), до смртта (убиство, самоубиство, чедоморство, еутаназија и сл)[21].

4. Медицината и моралот во православието

Медицината, претставена како науката која го негува човековото здравје, е една од најважните гранки во општеството. Православните христијани отсекогаш ѝ давале големо значење на медицината, добро знаејќи ја потребата од неа. Така, уште од времето на раните христијани, се забележува почитта којашто апостол Павле ја имал кон својот колега од студентските денови во Тарс, светиот евангелист Лука «возљубениот лекар» (Кол 4, 14). Во посланијата од св. ап. Павле може да се забележи дека за време на неколку од своите мисионерски патувања го носел со себе Свети Лука[22]. Всушност, татковското морално учење на апостол Павле е полно со упатства од медицински карактер[23], односно упатства на дејанија што не треба да се прават. На пример, додека тој зборува за гревовите како алкохолизмот (сп. Рим 13, 13), слабата грижа за телото и уништувањето на истото преку гревот (сп. Рим 8, 18) како блудот, нечистотијата и похотта (сп. Рим 13, 13-14) итн., апостолот покрај тоа што укажува дека не е вина на законот, туку на гревот којшто живее во нас (сп. Рим 7, 7-13), објаснува како да би советувал од медицински аспект, и доколку на тој начин се согледаат неговите поуки, голема е веројатноста, односно веродостојноста на фактот дека медицинската нега во прв степен започнува од нас самите, а потоа паѓа во рацете на медицинските лица. Затоа темите коишто св. ап. Павле ги наведува во своите Посланија имаат не само етички, туку се и од медицинско-лековит карактер. Во овој контекст, секое болно лице, заедно со лекарот имаат морална одговорност да дојдат до решение за победување на болеста, фокусирајќи се кон исцеление преку правилниот метод на лечење и грижа и преку правилно користење на препишаната терапија[24]. Харакас посочува дека во времето на Византијската империја, Црквата била таа што предизвикала таканаречено раѓање и организирање на медицинската професија за систематска грижа и заздравување на пациенти во болничко опкружување[25], велејќи дека византиската болница

[21] Сп. H. T. Engelhardt Jr., *The Foundations of Bioethics*, 135-179.

[22] Сп. R. Grozdanoski, *Poslanie na svetiot apostol Pavle do Rimjanite*, МПЦ – Православен Богословски Факултет „Св. Климент Охридски", Скопје 2005, 23.

[23] John & Lyn Breck, *Stages on life's way.Orthodox thinking on bioethics*, 56.

[24] Сп. S. S. Harakas, *Health and Medicine in the Eastern Orthodox Tradition*, Minneapolis 1996, 57-59.

[25] S. S. Harakas, "Rational medicine in the Orthodox tradition", in *The Greek Orthodox Review* 33 (1/1998) 19-44, овде 31.

е најочигледен доказ за здрава синергија помеѓу православната христијанска традиција и рационалната медицина[26]. Сето ова се сведува на фактот дека во Византиската империја токму Црквата ги стабилизирала првите болници, управувала со нив, ги финансирала и обезбедувала персонал за нив[27], правејќи сè во духот на љубовта кон човештвото и зачувувањето на животот во целост. Сето ова ја појаснува блиската врска што Црквата ја има со медицината.

Во продолжение, во една од своите дела, Харакас на следниов начин им посочува на лекарите колку е важна нивната улога и професионалност во работата:

> *Се очекува здравствените работници да ја постават благосостојбата на пациентите пред своите лични интереси. Од нив се очекува да изградат професионален интегритет, вршејќи ја својата должност со грижа и љубов. Пациентот е син или ќерка Божја чија благосостојба Бог ја доверува на старателот (во случајов лекарот). Создаден според Образ и Подобие Божјо, пациентот треба да се третира со почит и љубов*[28].

Следствено на сето досега опишано, може јасно да се согледа дека православната биоетичка основа е Христоцентрична, којашто е ориентирана кон приближување на човекот кон Бога преку моралниот живот и однесување. Приближувањето на човекот кон Бог преку стремежот да се води правилен духовен живот во едно здраво христијанско опкружување, односно заедничарење, е само по себе ништо повеќе од достоинствено, или природно за човечкото битие создадено според Образот и Подобието Божјо (Сп. Бит 1, 27). Тоа јасно го подвлекува фактот дека православната биоетика, како и целокупната православна теологија е апофатична/катафатична, што значи дека пристапот кон решавање на биоетичките прашања е повеќе од нормативно конструктивен карактер, отколку од легалистичко осудувачки[29]. Таа првенствено се фокусира кон образложување на сензибилно моралните прашања пробувајќи во исто време да даде одговор за истите, користејќи го знаењето од сите научни гранки кои ѝ се од помош, како на пример антропологијата, од којашто извлекува јасни дефиниции за биолошката конституција на човекот во неговата психосоматична природа, односно целина (тело-телесност), еклезиологијата итн. Темелот на православната биоетика стои цврсто базирајќи се на фактот дека Црквата е *pro-life*[30], односно *за-живот*, што значи дека потребно е длабоко почитување на животот на човекот со цел да се заштити од оние што директно или индиректно го загрозуваат. На човечката личност од моментот на зачнување, до раѓањето и развојот животот и животниот век му зависат од оние околу него. Животот на секој еден

[26] S. S. Harakas, “Rational medicine in the Orthodox tradition“, 31.

[27] Ibid., 33.

[28] S. S. Harakas, *The Orthodox Christian tradition. Religious beliefs and healthcare decisions,* Chicago 1999, 3.

[29] Сп. B. Petrà, “Making moral decisions ed ecclesialità nella teologia morale ortodossa recente” in L. Mellina – J. Noriega, *Camminare nella Luce*, 727-749, овде732.

[30] Сп. B. Petrà, “I fondamenti antropo-teologici della bioetica. La prospettiva ortodossa“, in *Studia Moralia* 54 (2/2016) 293-320, овде 301-304.

доаѓа до реализација во заедницата на битисување, и пред сè е поврзан со останатите околу него онака како што истиот, видливо или невидливо е поврзан со изворот на животот – Бог Света Троица, од кого самиот живот е даден преку реализираната љубов на родителите. Довербата што ја имаме во другите луѓе од заедницата во којашто сме дел и самите е основа за зачеток на овој принцип. Како резултат, православната христијанска етика доволно јасно ја има дефинирано својата позиција во врска со животот, односно го почестува и почитува животот на секој човек бидејќи е дар Божји, кој од зачетокот, преку раѓањето и низ годините на раст и развој бара поддршка за подобрување и реализирање во личност, во онтолошка смисла[31]. Примарниот извор на кој се темели (био)етичкото учење е затоа Света Троица, неразрушливата основа на целовкупното православно учење, бидејќи примарната цел на христијанскиот живот е да се приближи човечкото создание до својот Творец, односно да се охристови преку реализацијата на сопствената личност, сè со цел да се здобие со спасение и вечен живот[32]. Токму затоа, православната биоетика претпочита да го опише, објасни и образложи човечкото дејствување кое не треба да постои во биомедицинскиот сектор и пракса, со единствена цел да не се наштети ниту на човекот, ниту на неговата слобода и достоинство, дадени од Бога Творецот.

Навлегувајќи поподробно во нештата кои се во фокусот, добро е да се посочи дека биоетичките принципи не се ескплицитно право само на новата гранка од теологијата како наука, туку истите се однесуваат и на христијанската етика, од која новата научна гранка и произлегува. Како појдовна точка за образложение и потврда за заедничката употреба и примена на моралните принципи кај овие две сестрински теолошки гранки е фактот што човекот сам по себе е unitas multiplex, односно не е возможно да се дефинира едногласно. Тоа значи дека човекот, како комплексно битие поседува чувства, *ratio* или *mens*, тело, душа, итн., што дава до знаење дека (био)етиката не се задржува само кон образложување на одредени елементи од човечкото битие, туку е сконцентрирана на сето она што човекот е, односно го има пред себе човекот како целина, ставајќи најнапред акцент на животот (*bios*), а потоа и на човечкото однесување (*ethike*)[33]. Однесувањето на човекот е корен на принципите кои го дефинираат животот на поединецот, во исто време развивајќи или разорувајќи ја свеста. Од делата на човекот се раѓа потребата за аплицирање на моралните принципи кои носат одговори и решение[34]; тие се движат кон решавање на нејаснотии од морален карактер родени од различни ситуации и случаи, кои во биоетички или пак, биомедицински контекст, би се однесувале на медицината и нејзината примена, односно употреба и злоупотреба. Православната биоетика, како традиционална дисциплина која сè уште е во развој и е директно поврзана со учењето на Источната Православна Црква, со нејзиниот есхатолошки карактер и со верата заснована во Света Троица, се движи многу

---

[31] Сп. I. Zizioulas, *L'Essere Ecclesiale*, Magnano 2007, 68.

[32] S. S. Harakas, *Living the Liturgy. A practical guide for participating in the divine liturgy of the Eastern Orthodox Church*, Minneapolis 1974, 15.

[33] Сп. B. Petrà, *L'Etica Ortodossa, Storia, fonti, identità*, Assisi 2010, 9.

[34] Сп. N. Berdjaev, *La Morale. I valori morali nella riflessione di Nicolai Berdjaev*, Napoli 1984, 55.

внимателно во објаснувањето на нејзината позиција во однос на новитетот што го носи при образложување на етичкиот морален карактер во биомедицината, биотехнологијата, во аплицирањето на медицинска нега, како и современата злоупотреба и загрозување на животот на пациентите преку неетичкиот пристап, односно непрофесионалноста, индиферентноста, личните цели и сл. Во секој случај, втемелувајќи ја својата позиција како гранка од христијанската теологија не се обидува толку да го објасни начинот и самото извршување на одреден чин, туку причината, односно човечката личност и човековото однесување.

## 5. Пост-модернистизмот и влијанието на Црквата во (био)етички контекст

Доколку се погледне од пост-секуларната страна (секуларизацијата, односно отцепувањето на Црквата од државното уредување[35] настанато првенствено со Францускаta Револуција од 1789-1794та година и настанокот на секуларното општество коешто во денешни дни, за жал е почесто дефинирано како силно либералистичко[36]), најверојатно православната биоетичка мисла не би требало да има збор во формирањето на моралните параметри во медицината, односно нејзиното мислење би требало да се стави на страна, бидејќи Црквата не би требало да се вмешува во области коишто не ѝ се "блиски". Меѓутоа, благодарение на живоста на верата во Христа, која сè уште е присутна во овој пост-модернистички период, чиишто верни чеда на Неговата Невеста се дел од општеството како такво, многумина не би се согласиле со ова мислење. Покрај тоа, демократијата, заедно со човековите права, кои во голема мера се совпаѓаат со христијанските учења[37] нуди можност на секого, па и на Црквата Христова, да ги изрази своите ставови, размислувања и сл. Секоја една заедница, како и Православната Црква, имаат право на глас. Секуларната биоетика, денес, постанува една етика која се фокусира само на биолошко-органскиот дел од телото на човекот, на генерациите, односно на биолошкиот развој, или со други зборови на здравјето, староста и смртта[38]. Од моментот кога зачнувањето на нов живот, од егзистенцијално искуство постанува биолошки факт, и оплодувањето се сведува на медицински акт, човечкото битие преминува од субјект во објект на обично експериментирање и токму тука е границата којашто ги разликува секуларната (био)етика од христијанската, бидејќи православната биоетика почитувајќи ја човечката личност во целост, се труди да ги појасни и посочи ризиците од секоја медицинска интервенција како абортусот, евтаназијата, вештачкото оплодување и сл. со доза на христијанска љубов, придавајќи големо значење за значењето на животот и неговото зачувување, односно загрозување при примената на овие техники. Тоа значи

[35] Сп. R. Grozdanovski, *Secularizam i sekularizacija*. *Godishen Zborinik, kniga 14-15,* UKIM – Pravoslaven Bogoslovski Fakultet Sveti Kliment Ohridski, Skopje 2008-2009, 36.

[36] Сп. H. T. Engelhardt Jr., *Dopo Dio. Morale e bioetica in un mondo laico,* Torino 2014, 109.

[37] Сп. L. Gormally, "Diritti dell'uomo", in S. Leone – S. Privitera, *Nuovo Dizionario di Bioetica,* (ed)., ISB Istituto Siciliano di Bioetica, Roma 2004, 319-334.

[38] S. Leone – S. Privitera, "Bioetica", in *Nuovo Dizionario di Bioetica,* 106.

дека придонесот на православната биоетика се забележува значително во однос на тоа што навистина е морално добро од христијанска перспектива, како што е забележлив и обидот да се истакне вредноста којашто ја поседува секој човечки живот, создаден по Образ и Подобие, преку точните параметри за негова заштита во секој аспект, медицински, научен, итн.

6. Развојот на православната биоетика кај сестринските православни Цркви

Денес може да се забележи напредок на интер-православно ниво, благодарение на потребата на верниците да дознаат повеќе што точно претставува новото теолошко научно поле. Па така, Светиот Синод на Руската Православна Црква – Московска Патријаршија, во 2000та година, објави статија составена од комисијата за биоетика на РПЦ, насловена "*Основы социальной концепции Русской Православной Церкви - Проблемы биоэтики*", во која се обработуваат теми како абортус, контрацепција, вештачко оплодување, генетски инженеринг, клонирање, трансплантација на органи, еутаназија и др[39]. Грчката Православна Црква пак, е првата црква од сестринските Цркви која основа синодска комисија која се занимава есклузивно со биоетички прашања. Комисијата е основана во 1998 година и има издадено неколку документи[40]. Потоа, Романската Православна Црква, во 2004та година објави статија од биоетички карактер, подготвена од комисијата за биоетика, елаборирајќи ги подетално темите абортус и еутаназија, но, за жал, текстот не е достапен на друг јазик освен на романски[41]. Исто така, добро е да се посочи дека Пан-Ортодоксниот Синод, по неговото заседавање на островот Крит во 2016та година, во Енцикликата, под точка 5, насловена "*The Church in the face of contemporary challenges*"[42], објавува збор два околу православната биоетика[43] кои се од информативен карактер, како

---

[39] РПЦ, *Основы социальной концепции Русской Православной Церкви - Проблемы биоэтики*, (website), 2000, https://mospat.ru/en/documents/social-concepts/xii/, (accessed 15 August 2019)

[40] The Holy Synod of The Church of Greece, Bioethics Commitee, *Basic positions on the ethics of assisted reproduction*, Apostoliki Diakonia, Athens 2007; The Holy Synod of The Church of Greece, Bioethics Commitee, *Basic positions on the ethics of euthanasia*, Apostoliki Diakonia, Athens 2007; The Holy Synod of The Church of Greece, Bioethics Committee, *Basic positions on the ethics of transplantations*, Apostoliki Diakonia, Athens 2007.

[41] Сп. S. N. Bute, *La bioetica ortodossa e l'accertamento della morte in vista dei trapianti d'organo*, 79.

[42] *Encyclical of the Holy and Great Council of the Orthodox Church*, Official document, (website) 2016, https://www.holycouncil.org/-/encyclical-holy-council, (accessed 18 August 2019)

[43] Сп. Ibid, каде што стои напишано (цитатот е пренесен во оригинал): In our age, there is a very prevalent enthusiasm for the impressive developments in the fields of Biology, Genetics and Neurophysiology. These represent scientific advances, the wide-ranging applications of which will, in all likelihood, create serious anthropological and moral dilemmas. *The uncontrolled use of biotechnology at the beginning, during, and at the end of life, endangers its authentic fullness*. Man is experimenting ever more intensively with his own very nature in an extreme and dangerous way. He is in danger of being turned into a biological machine, into an impersonal social unit or into a mechanical device of controlled thought. The Orthodox Church cannot remain on the sidelines of discussions about such momentous anthropological, ethical and existential matters. She rests firmly on divinely taught criteria and reveals the relevance of Orthodox anthropology in the face of the contemporary overturning of values. Our Church can and must express in the world her prophetic consciousness in Christ Jesus, who with His Incarnation assumed the whole man and is the ultimate prototype for the renewal of the human race. She projects the sacredness of life and man's character as a person from the very moment of conception. The right to be born is the

и од особено значење за нејзиниот понатамошен академско-научен развој на соборно ниво. Од сето ова може да се заклучи дека православната биоетика е одраз на современоста на Православната Црква, односно поле преку кое Црквата се труди да даде одговори за актуелни прашања што доста интензивно се раѓаат. Исто така, развојот на новото научно поле, иако се движи полека, сепак е забележлив нејзиниот напредок, којшто од ден на ден се развива во клучен и недделив дел од православната теолошка наука.

STEFAN GOGOVSKI

## STANLEY SAMUEL HARAKAS: THE BEGINNINGS OF THE ORTHODOX BIOETHICS

*Abstract*

The study elaborates the beginnings of the Orthodox Bioethics, her thoughts, teachings, principles, position, methods and development, through the elaboration of its fundamental roots planted by fr. Stanley Samuel Harakas (1932-), historically recognized as the first orthodox bioethicist. The research itself intends to offer one academic theologcial reflection, at the same time providing an orthodox moral study concerning the ecclesial life of the Orthodox faith, together with its general structure. It is an attempt to deliver a clean elaboration of the moral principles as a way of life inside the Christian community, thanks to whom the bioethical thought was born and applied in a health care contest from an orthodox perspective for preserving the dignity of the person and the life as a precious gift from God.

---

first of human rights. The Church as a divine-human society, in which each human constitutes a unique being destined for personal communion with God, and she resists every attempt to objectify man, to turn him into a measurable quantity. No scientific achievement is permitted to compromise man's dignity and his divine destination. Man is not defined only by his genes. ***Bioethics*** from an Orthodox point of view is founded on this basis. At a time of conflicting images of man, Orthodox bioethics, in opposition to secular autonomous and reductionist anthropological views, insists on man's creation in God's image and likeness and his eternal destiny. The Church thus contributes to the enrichment of the philosophical and scientific discussion of bioethical questions through her scriptural anthropology and the spiritual experience of Orthodoxy.